Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 јануари 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ КРИСТАЛ ПАЛАС** со седиште на ул. „Ленин“ бр. 184 - Прилеп, ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

Хотел КРИСТАЛ ПАЛАС ДОО увоз – извоз Прилеп со седиште на ул. „Ленин“ бр. 184 Прилеп, поднесе барање бр. УП1 13 - 825 од 25.10.2019 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ КРИСТАЛ ПАЛАС со седиште на ул. „Ленин“ бр.184, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Согласно член 27-б став 2 и 3 од Законот, Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид во предметниот објект и констатитра дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 45 – 10443 / 1-19**
**14 јануари 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**

**Прилог**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

## ИЗВЕШТАЈ

**за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување, со предлог за определена категорија на угостителскиот објект за сместување**

**Бр.** УП1 13-825 **од** 26 / 11 / 2019 **година**

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по барање бр. УП1 13- 825 од 25.10.2019 година, поднесено од Хотел Кристал Палас ДОО Прилеп, со адреса ул. Ленин бр. 184 - Прилеп во ______ за утврдување и исполнување услови за категоризација во угостителски објект Хотел Кристал Палас (вид на угостителски објект) ______ со предлог категорија од угостителот од 4 (четири) ѕвезди

изврши увид на предметниот објект при што го утврди следното:

Комисијата за категорија на угостителски објект изврши увид во горенаведениот угостителски објект. Комисијата констатира дека подносителот ги исполнува условите за хотел од виша категорија од 4 (четири) ѕвезди.

Во врска со утврдената фактичка состојба присутното лице ги имаше следните забелешки:

| | | |
|---|---|---|
| Од наведеното се констатира дека објектот условите за бараната категорија | ☒ ГИ ИСПОЛНУВА | ☐ НЕ ГИ ИСПОЛНУВА |
| Записникот е прочитан на присутните Странки и забелешки: | ☐ ИМА | ☒ НЕМА |

Учесници во увидот | име и презиме | предложена категорија | потпис

Од Комисијата:

1. Xhevair Ismaili
2. BEKIM MURATI
3. Анита Петровска
4. Гунул Сами
5. Зоран Николовски
6. Горан Лазов
7. Огнен Григоровски
8. Билент Мустафоски
9. Ивана Шасевска
10. Марјана Ристовска
11. Маја Ѓориќ
12. Мамет Амани
13. Driton Bejza

Од Барателот:

1. Ристеска Сузана

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за угостителската дејност, решавајќи по барањето бр. УП1 13-825 од 25.10.2019 година, Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување донесе

**ПРЕДЛОГ ЗА КАТЕГОРИЈА**
**на угостителскиот објект за сместување**

1. Се утврдува дека угостителскиот објект Хотел Кристал Палас со седиште на адреса ул. Ленин бр.184-Прилеп ги исполнува условите согласно Правилникот за категоризација на угостителски објекти за хотел од висока категорија со 4 (четири) ѕвезди.

2. Составен дел од Извештајот е фотографски документиран материјал кој се користи како доказ за исполнување на условите и стандардите според кој се врши категоризација на угостителскиот објект.

3. Образложение од член од комисијата кој не се согласува со предложената категорија.

11 -12- 2019

Датум и место

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

М.П.

Комисија за категоризација
**Претседател**